# ЗА РАНКОВЦЕ
# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани,

Ми претставува огромно задоволство да Ви се претставам и да ја понудам мојата Програма за работата на Градоначалникот на Општина Ранковце, која функција со гордост, чест и достоинство ќе ја извршувам. Со апел, желба и длабока почит кон Вашиот глас Ви се обраќам, да ми овозможите да пристапам кон реализацијата на планираното.

Јас Борче Спасовски, роден сум на 15.02.1972 во с. П'клиште и сум долгогодишен мало стопанственик во Општина Ранковце. Преку мојата дејност, покрај успешниот бизнис, секогаш сум настојувал да им го подобрам квалитетот на животот на младите . Моето име и дејност, се присутни во секаков вид настани, преку покровителство и поддршка на секоја благородна активност, а се за доброто на жителите на Општина Ранковце.

Можам со гордост да кажам дека најголемо училиште и повик ми е животното и работното искуство. Во моето портфолио може да се запише дека сум успешен во дејноста која ја вршам, во времето во кое се кандидирам за градоначалник и времето во кое сум се изградувал како личност и сум собирал искуства.

Со мојата кандидатура нескромно ќе речам дека Ранковце ќе пишува нова историја, бидејќи мојата кандидатура е од натпартиски кандидат, човек кој има високи достигнувања и висока професионалност, човек кој сака од Ранковце да направи место со високи

стандарди за живот и работа.

Мојата визија за иднината на Општина Ранковце е да се подобрат условите за живот на граѓаните, да се искористат сите ресурси и капацитети, да се истакнат приоритетите и да се создаде соодветна инфраструктура во насока на креирање на среќни, задоволни, безбедни и здрави граѓани.

Кон ова би ги додал и развојот на културно- забавниот живот, на спортот, на туризмот, придружени со правилен и издржан локален економски развој и создавање на една поврзаност помеѓу луѓето и природната околина.

Мојата мисија ќе биде, општината да биде сервис за граѓаните соочувајќи се со сите предизвици. Вратите на општината да се отворени за секој кој ќе има потреба од административни услуги, но и за сите кои ќе имаат позитивни идеи и иницијативи со цел унапредување на локалната заедница и подигање на квалитетот на животот.

Почитувани, упатувам отворена покана кон Вас, да бидете дел од градењето и унапредувањето на Општина Ранковце со мене заедно како градоначалник и притоа од Општина Ранковце да направиме привлечно место за живеење, во кое ќе престане отселувањето и ќе се создадат можности за враќање во родното огниште.

Искрено Ваш,

Борче Спасовски

Кандидат за градоначалник на Општина Ранковце

Локални избори 2021 година

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА РАНКОВЦЕ

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите граѓани.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложиме за:

- Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб страницата и социјалните медиуми;
- Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизми за соработка и финансиска поддршка за проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;
- Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;
- Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;
- Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;
- Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.;

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја,

**ВМРО-ДПМНЕ** за Општина Ранковце ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

## ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДЕН СИСТЕМ ВО С. ПСАЧА

Проектот ке го реши долгогодишниот проблем со водоснадбување во с.Псача.

**Извор на финансирање:** меѓународен фонд на Светска банка во соработка со о.Ранковце.

**Рок на реализација:** 2022-2023.

## ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ВО С. ОПИЛА, С. ЉУБИНЦЕ И ДЕЛ ОД С. ГИНОВЦЕ

Во овие населени места нема канализациска мрежа, со овој проект ќе се реши една од основните потреби на локалното население за нормално функционирање.

**Извор на финансирање:** Меѓунардени финансиски институции, централна власт и Буџет на Општина Ранковце.

**Рок на реализација:** 2022-2024



# 3. ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат, со цел да се постигне одржлив економски раст и развој, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на животот за сите во заедницата. Според тоа, Стратегијата за локален економски развој се однесува на заедницата која презема заеднички напори за подобрување на климата за инвестирање, за подобрување на конкурентноста во однос на други локални заедници во земјата во меѓународни рамки, за да го зголеми бројот на работните места, да се подобрат приходите на граѓаните во заедницата и да се подигне нивото на квалитетот на живеење според европските и светските стандарди.

Во делот на туризам и туристичка понуда во програмата со која излегуваме за локалните избори се планираат проекти кои значително ќе ја збогатат понудата.

Развојот на туризмот е значајна област и со планираните проекти ќе се подигне квалитетот на понудата на природните ресурси со кои изобилува Општина Ранковце.

## ➤ ИЗГРАДБА НА ПАТЕКА, СОЛАРНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЛЕТНИКОВЦИ ВО С.ОТОШНИЦА

Браната и акумулацијата во с.Отошница е многу атрактивно и посетувано место и затоа се јавува потреба за нејзино уредување.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции, буџет на општината

**Рок на реализација:** 2023-2025

## ➤ ОБНОВА И ОДРЖУВАЊЕ НА ПЛАНИНАРСКА ПАТЕКА С.ПСАЧА - ЛИСЕЦ

Одржување на планинарската патека ќе донесе туристи кои го сакаат планинарењето и престој во природата.

На самата патека се наоѓа манастирот св. Никола во с.Псача кој е еден од најстарите манастири во Македонија.

**Извор на финансирање:** Буџет на о.Ранковце.

**Рок на реализација:** Тековно.



## ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ВО С.П’КЛИШТЕ (ВИКЕНД НАСЕЛБА)

а викенд населбата се планира да се изгради и пешачка патека.

**Извор на финансирање:** Буџет на о.Ранковце.

**Рок на реализација:** 2022-2024





# 4. ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Со имплементацијa на проектите имаме за цел да ги подобриме условите во училиштата и градинките со што би се придонесло обезбедување на квалитетна настава и креирање на воспитно- образовниот процес.

Ова би резултирало со правилен психо-физички развој на учениците и соодветно едукативно профилирање низ едукативниот процес.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОБНОВА НА ИНВЕНТАР НА УЧИЛИШНА ЗГРАДА ВО С.РАДИБУШ

Обнова на застарената училишна зграда во с.Радибуш како и нов инветар во училиштето.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Ранковце во соработка со Централна власт.

**Рок на реализација:** 2023-2024

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА УЧИЛИШНА САЛА ВО С.ПСАЧА

Реконструкција и опремување на училишната сала со спортски реквизити.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Ранковце во соработка со Централна власт.

**Рок на реализација:** 2022-2024



# 5. СПОРТ И МЛАДИ

Преку изградба и реконструкција на спортски и повеќенамен-ски игралишта, помагање на локалните спортски манифестации, директно придонесуваме за правилен психо- физички развој на децата и младите и продолжување на традицијата на спортски-те манифестации и активности.Нашата намера за дисперзија на спортските содржини наиде на задоволство кај месното населе-ние, каде што ќе заживее играњето на традиционалните маалски игри. Тоа ни е мотив повеќе да се посветиме на изградба на спорт-ските терени.

## ИЗГРАДБА НА КОМПЕКС СПОРТСКИ ТЕРЕНИ НА МЕСТОТО НА ПОРАНЕШНОТО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО С.РАНКОВЦЕ

Комплексот ќе се состои од повеќенаменско игралиште за фуд-бал, кошарка и одбојка, отворен фитенс центар и забавен центар за најмалите.

Со овој проект ќе се добие комплетен спортски комплекс за спор-тување и рекреација.

**Извор на финансирање:** Меѓунарден фонд, централна власт и Буџет на Општина Ранковце.

**Рок на реализација:** 2022-2024

## ОБНОВА НА ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ ВО С.ПЕТРАЛИЦА СО ДОДАТНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА НАЈМЛАДИТЕ

Санација на фудбалското игралиште и мини парк за малите деца.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Ранковце.

**Рок на реализација:** 2022-2023.

## ИЗГРАДБА НА ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ ВО С.ОПИЛА СО МИНИ ПАРК

Игралиште за мал фудбал и парк за мали деца со реквизити

**Извор на финансирање:** : Буџет на општина Ранковце во соработ-ка со централна власт

**Рок на реализација:** 2022-2024



### ИЗГРАДБА НА ПАРК СО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ СО УРЕДУВАЊЕ НА ОКОЛНИОТ ПРОСТОР ВО С.ПСАЧА

Во с.Псача недостасува игалиште и парк за деца и со реализација на овој проект ќе се реши овој недостаток.

**Извор на финансирање:** Меѓународен фонд, централна власт и Буџет на Општина Ранковце.

**Рок на реализација:** 2023-2025

# 6. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Следењето на светските трендови се наметнува како императив за реализција на конкретен иформатички развој и инвестиции.

### ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со овој проект ќе се воведе бесплатно јавно Wi-Fi во основното училиште и во спортскиот комлекс во с.Ранковце.

**Извор на финансирање:** : Буџет на општина Ранковце во соработка со централна власт

**Рок на реализација:** 2022-2024



# 7. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Квалитетно изработената урбанистичко-планска документација овозможува заштита и унапредување на животната средина, а пак уредувањето на просторот и неговото планирање овозможува нејзино правилно просторно уредување.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА МЛИН-КРАЈЧИНА МААЛА ВО С.РАНКОВЦЕ

Со овој проект ќе се подобрат условите за комуникација на жителите од овој дел на Ранковце.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Ранковце во соработка со централна власт

**Рок на реализација:** 2022

## ДОИЗГРАДБА НА ПАТ ДЕСЕТАК-ПУЗИНА МААЛА ВО ДОЖИНА ОД 500 М. ВО С.РАНКОВЦЕ

Со асфалтирање на патот се поврзува населението на овој дел од Ранковце.

**Извор на финансирање:** Буџет на о.Ранковце.

**Рок на реализација:** 2023-2024.

## ИЗГРАДБА НА УЛИЦА СТАДИОН-РОМСКА МААЛА -ШКОЛСКО ИГРАЛИШТЕ СО МОСТ НА РАНКОВСКА РЕКА ВО ДОЛЖИНА ОД 1.5 КМ

Асфалтирањето на оваа улица ќе овозможи полесен пристап на населението во овој дел во с.Ранковце

**Извор на финансирање:** : Буџет на општина Ранковце во соработка со централна власт

**Рок на реализација:** 2023-2024.

## ФАЗНА ИЗГРАДБА НА ПАТ ВО С.ОПИЛА (КАВАКЛИЈА-ЦРКВА СВЕТИ НИКОЛА-ШКОЛО-КОТАРИНА МААЛА) ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 5КМ.

Фазна изградба на овој патен правец.

**Извор на финансирање:** Буџет на о.Ранковце, Буџет од Централн власт

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## ПОВРЗУВАЊЕ НА ПАТ ВО С.ОПИЛА(БАБУНЦИ-КОТАРИНА МААЛА) СО МОСТ ПРЕКУ КРИВА РЕКА ВО ДОЛЖИНА ОД 400 М.

Изработка на техничка документација и изградба.

**Извор на финансирање:** Буџет на о.Ранковце, Буџет од Централн власт

**Рок на реализација:** 2022-2024.

## ФАЗНА ИЗГРАДБА НА ПАТ С.ПЕТРАЛИЦА-С. БАРАТЛИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 5 КМ.

Со изградба на овој патен правц ќе се реши долгогодишниот проблем на комуникација и поврзување помеѓу овие села.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## ФАЗНА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО С.ПЕТРАЛИЦА (БУИНА МААЛА-МИЛОЈЧОВА МААЛА-УТКИНА МААЛА) ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 3, 5 КМ

Асфалтирање на пат во с.Петралица.

**Извор на финансирање:** Буџет на о.Ранковце, Буџет во соработка со централна власт

**Рок на реализација:** 2022-2025.

## ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДИКИНА МААЛА-СПОМЕНИК ПСАЧА ВО С.ПЕТРАЛИЦА ВО ДОЛЖИНА ОД 2 КМ

Со спојување на овој патен правец ќе се намали времето на патување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со централна власт

**Рок на реализација:** 2023-2025

## ПРОБИВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ СТАРО ШКОЛО-КАРАПАНЏЕВЦИ СО ПРОПУСТ НА ВОДОТЕКОТ ЧАШКА ВО ДОЛЖИНА ОД 500 М.

Решавање на долгогодишниот проблем на населението за полесен пристап.

**Извор на финансирање:** :Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022-2023

## ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ ВО С.ПСАЧА.

- Дамјанска Маала
- Ранкева Маала
- Чивлчка Маала

Со реализација на оваа патна ифраструктура во с.Псача ќе се подобрат условите за комуникација на месното население.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со централна власт

**Рок на реализација:** 2022-2024

## ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА УЛИЦА ВО А2-МАЛИНСКИ СКЛАД 500М ВО С.ГИНОВЦЕ.

Техничка документација и асфалтирање

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со централна власт.

**Рок на реализација:** 2022-2024

## ИЗГРАДБА НА УЛИЦА ВО С.ГИНОВЦЕ МАЛИНСКИ СКЛАД-ЈАБУЧКИ ДОЛ

Асфалтирање и регулација на Јабучки Дол.

**Извор на финансирање:** Буџет на општинат во соработка со централна власт.

**Рок на реализација:** 2022-2024

## ИЗГРАДБА НА ПАТ ВО С.ВЕТУНИЦА – ПУЦКИНА МААЛА.

Асфалтирање на пат.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со централна власт.

**Рок на реализација:** 2022-202

## ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА МОСТОВИ НА РЕКИТЕ БЛИДЕШ И ВЕТУНИЧКА КАКО И ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ПАТ ПОМЕЃУ ДВЕТЕ РЕКИ.

Решавање на оваа делница ќе овозможи лесна комуникација на жителите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со централна власт.

**Рок на реализација:** 2022-2025

### АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО С.ОДРЕНО –БРБОШКОВА МААЛА ВО ДОЛЖИНА ОД 500 М.

Поврзување со постоечкиот пат.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со централна власт.

**Рок на реализација:** 2022-2024

### ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО С.ЉУБИНЦЕ МЕЃУНАРОДЕН ПАТ А2-КРИВА РЕКА

Асфалтирање и регулација на водотек.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со централна власт

**Рок на реализација:** 2022-2024

### ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО С.ЉУБИНЦЕ.МЕЃУНАРОДЕН ПАТ А2-ПРУГА- МЕЃУНАРОДЕН ПАТ А2

Асфалтирање на локална улица во должина од 1 км.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со централна власт.

**Рок на реализација:** 2022-2024

### ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО С.РАДИБУШ ДО КОЈКАРСКА МААЛА ВО ДОЛЖИНА ОД 1КМ.

Асфалтирање на локален пат.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со централна власт.

**Рок на реализација:** 2022-2023

### СПОЈУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО С.ОТОШНИЦА МААЛА ДАВИДОВЦИ

Асфалтирање на пат во должина од 500 м.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со цен-

трална власт.

**Рок на реализација:** 2023-2024

## ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ПАТ НЕДЕЉКОВА МААЛА-МАНДАРЦИ ВО ДОЛЖИНА ОД 800 М.

Техничка документација и асфалтирање.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со централна власт.

**Рок на реализација:** 2023-2025

## ФАЗНА ИЗГРАДБА НА ПАТ МЕЃУНАРОДЕН ПАТ А2-СО ПОСТОЈНИОТ ПАТ ВО ДОЛЖИНА ОД 3.5 КМ.ВО С.ОТОШНИЦА.

Техничка документација и фазна изградба.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2025

## ПОВРЗУВАЊЕ НА ПАТ С.ГЕРМА-С. РАДИБУШ ПРЕКУ СРЕДНА МААЛА

Техничка документација и фазна изградба.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2024

## ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКАТА ЛОКАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Адаптација на руинираните локалните патишта.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

**Рок на реализација:** Тековно





# 8. КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ИНФРАСТУКТУРА

Добрите инфраструктурни, водоснадбителни и канализациски системски решенија обезбедуваат континуиран развој на општината во секој нејзин дел. Преку изградбата и реконструкцијата на водоводните и канализациони системи паралелно со зелените површини во општината директно придонесуваме за почиста и поздрава животна средина за сите нас.

## ИЗГРАДБА И ДОИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ

### ПРОЕКТ ЗА ВОДОВОДЕН СИСТЕМ ВО БИЉИНО ДО С.РАДИБУШ ПОНАТАМУ ДО С.МИЛУТИЦЕ-ГОРНО ГИНОВЦЕ И С.РАНКОВЦЕ

Со овој проект ќе се реши недостатокот на вода во с.Ранковце и Горно Гиновце додека с.Милутинце ќе добие нов водоводен систем.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт

**Рок на реализација:** 2023-2025

### ПРОЕКТ ЗА ВОДОДВОДЕН СИСТЕМ ВО С.ОТОШНИЦА

За задоволување на зголемените потреби од вода.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт

**Рок на реализација:** 2023-2025

### ОДРЖУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА СИТЕ ЛОКАЛНИ ВОДОВОДНИ МРЕЖИ ОД СТРАНА НА ЈКП „ЧИСТ ДЕН“- РАНКОВЦЕ.

ЈКП „Чист ден“ тековно ќе ја одржува водоводната мрежа во о.Ранковце.

**Извор на финансирање:** Сопствени средства

**Рок на реализација:**Тековно

## ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМ ВО С.РАНКОВЦЕ, ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ-РОМСКО МААЛО

Решавање на потребите на жителите од овој дел од с.Ранковце

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт

**Рок на реализација:** 2022-2024

## ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ ВО С.ПСАЧА (БРАШНАРА)

Изградба на канализационен систем во с.Псача

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023-2025

## ОДРЖУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА СИТЕ ЛОКАЛНИ КАНАЛИЗАЦИСКИ МРЕЖИ ОД СТРАНА НА ЈКП „ЧИСТ ДЕН“ РАНКОВЦЕ.

Доопремување на ЈКП „Чист Ден“ со садови за смет за тековно и навремено собирање на смет во о.Ранковце, како и чистењето на дивите депонии, ќе ни бидат приоритет за чиста и здрава животна средина.

**Извор на финансирање:**Тековно

**Рок на реализација:** 2022-2025

## УРЕДУВАЊЕ И ОГРАДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕН ПАЗАР ВО С.РАНКОВЦЕ

Со уредување на зелениот пазар во с.Ранковце ќе се подобрат условите на корисниците на трговските услуги.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2025

# УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

## ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ И ПАРКОВИ.

Ќе се залагаме за воведување на „Ден на дрвото“. Со оваа акција планираме општината од сопствениот буџет да обезбеди средства за садници кои ќе бидат засадувани на локации каде што има потреба.

## РЕГУЛАЦИЈА И РЕДОВНО ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТЕ

Редовно чистење и одржување на речните корите за да не доаѓа до излевање на водотеците и правење штета на земјоделските површини.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со централна власт

**Рок на реализација:** 2022-202



# 9. КУЛТУРА

## ПОМАГАЊЕ НА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ОБЕЛЕЖЈА.

Општината ќе се вклучи во помагање на манифестациите во општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината,

**Рок на реализација:** 2022-2025

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ХРИСТИЈАНСКИОТ ПРАЗНИК БОГОЈАВЛЕНИЕ-ВОДИЦИ

Општината ќе ја организира прославата на овој верски празник.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината,

**Рок на реализација:** Тековно

## ОРГАНИЗАЦИЈА И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ИСТОРИСКИ СПОМЕН- ОБЕЛЕЖЈА ОД НОБ

Општината ќе ги организира обележјата на историските датуми од Народно Ослободителната Борба.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината,

**Рок на реализација:** Тековно.

# 10. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Интензивирање на меѓународната соработка со соседните држави во насока на искористување на европските програми за финализирање на проекти на локалната самоуправа. Ќе продолжиме во насока на заедничка соработка и комуникација со цел подготовка, аплицирање и имплементација на што поголем број на проекти во европските фондови и програми особено во делот на екологијата, заштита на животната средина и култура.

# 11. БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Безбедно место на живеење е предуслов за спокоен живот. Изградба на ефикасен систем за превенција и заштита од пожари и елементарни непогоди на општината резултира со заштита на животите и имотот на граѓаните.

## ИЗГРАДБА НА ХИДРАНТСКА МРЕЖА

Овој проект подразбира обнова на хидрантската мрежа која е поставена, а на местата каде што нема ќе биде изградена нова, со цел побрзо и поефикасно справување со пожарите.

**Извор на финансирање:**Буџет на општината

**Рок на реализација:** 2022-2024

## СЕРВИСИРАЊЕ И НАБАВКА НА НОВА ОПРЕМА ЗА ПРОТИВПОЖАРНАТА СТАНИЦА ВО РАНКОВЦЕ И КУРСЕВИ ЗА ПОЖАРНИКАРИТЕ НА МЕЃУНАРОДНИ СЕМИНАРИ КАКО И НАБАВКА НА НОВИ ВОЗИЛА.

За потребите на ТППЕ за ефикасно справување со пожарите и природните непогоди потребно е редовно сервисирање и набавка на опрема.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2024

# 12. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

Следејќи ги светските трендови за инклузија и кохезија на сите социјални слоеви, Општина Ранковце започнува да води политика за унапредување на положбата на ранливите категории.

## ИЗГРАДБА НА ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА ВО С.РАНКОВЦЕ

Со изградба на Дом за стари лица во Ранковце се придонесува за решавање на потребите на старите и изнемоштени лица за удобен и пријатен престој.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2025

## ИЗГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА СПРОТИ АМБУЛАНТАТА ВО С.РАНКОВЦЕ

Со овој проект е замислено да се отвори детска градинка во надлежност на Општина Ранковце.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции во соработка со централната власт .

**Рок на реализација:** 2022-2024

## РЕНОВИРАЊЕ НА АМБУЛАНТАТА ВО С.РАНКОВЦЕ

Ќе се залагаме да ја реновираме и опремиме амбулантата во с.Ранковце која е повеќе годишен горлив проблем за населението.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт

**Рок на реализација:** 2022-2025

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПАТРОЛНА АМБУЛАНТА ДО С.ГЕРМАН

Ќе се ангажираме за редовна патролна амбуланта за најодалечените места во о.Ранковце.

# 13. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Како ВМРО-ДПМНЕ се обврзуваме дека во наредните четири години ќе дадеме целосна поддршка на иновациите и претприемништвото.Ќе ѓи подобриме локалните услови за водење бизнис и подршка на МПС.Воедно се залагаме за донесување на локална стратегија за промоција на странски инвестиции и ќе посветиме големо влијание на давањето на поддршка на занаетчиството и малите локални бизниси.

-

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk